# ЛАФ - МУАБЕТ

## АТИНА РАСЕЛ ОНАЗИС НАПОЛНИ 21 ГОДИНА



Дедото на Атина, Аристотел Оназис, беше еден од најмоќните бизнисмени на XX век. На својата внука во наследство ѝ остави бродска империја, 2 грчки острова, вредни уметнички дела, инвестиции и заштеда во повеќе од 200 банки ширум светот.



Ќерката на Аристотел, Кристина Оназис,се омажи за Тери Расел во 1983 година.



Откако ќе ја изгуби својата мајка на само три години, Атина заминува да живее кај својот татко во Швајцарија, со неговото семејство.



Навидум среќно детство. На одмор во Ибица, во 1995 година.



Нејзината голема љубов, јавање коњ.



Токму љубовта кон овој спорт ги спои богатата наследничка и Бразилецот Алваро Алфонсо де Миранда Нето, познат како "Дода".



Својата љубов ја крунисаа на 3 декември минатата година, со гламурозна венчавка.



Харизматичниот Бразилец неодамна аплицираше за добивање грчко државјанство. Двајцата планираат да настапат на претстојните олимписки игри, под грчко знаме.

## ЕМА ТОМПСОН ПОСВОИ ТИНЕЈЏЕР ОД РУАНДА



Оскаровката Ема Томпсон и нејзиниот сопруг Крег Вајс, посвоија 17-годишен сирак од Руанда. Ѕвездата од "Love actually", по неколку неуспешни ин витро обиди да ѝ подари брат или сестра на својата 6-годишна ќерка Циа, се реши да посвои дете. Како што изјавува актерката, одлуката дошла сосема спонтано, работејќи на доброволните хуманитарни активности во Африка. Родителите на Тиндибва Агаба биле убиени за време на граѓанската војна во Руанда.

## АНЏЕЛА БАСЕТ СТАНА МАЈКА



Анџела Басет и нејзиниот сопруг Кортни Венс станаа родители на близнаци, машко и женско. Со оглед на тоа што Басет се наоѓа во зрели години (47), близнаците на свет ги донесе сурогат мајка, Алекс Дуби. Басет е позната по неповторливата улога во епскиот "What's love got to do with it", глумејќи ја поп дивата, Тина Тарнер. Басет и Венс се заедно повеќе од 10 години.

Подготвила:
**Ружица ГОЧЕВСКА**